

# ENCOURAGE

# РАЗВОЈ НА КУРСЕВИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ

## КЛУЧНИ АСПЕКТИ НА ПРОЕКТОТ:

- Прв транснационален онлајн состанок за проект одржан на 26 април 2022 година
- Почетен состанок - првиот транснационален проектен состанок со физичко присуство организиран од Creative Thinking Development во Атина, Грција, на 8- ми јуни 2022 година
- Иницирање на имплементација на првиот резултат на проектот: Анализа на бенчмаркинг на вештини и компетенции, потреби и предизвици за одржливо управување со отпад

## ENCOURAGE НА ПРВ ПОГЛЕД...

Општата цел на проектот ENCOURAGE е едукација на претставници од секторите за отпад или животна средина во општините, училиштата за стручно образование и обука и носителите на одлуки, за одржливо управување со отпадот во согласност со националните и ЕУ политиките.

ENCOURAGE ќе помогне да се промени сегашниот пристап, да се прифати и примени одржливиот концепт за управување со отпад и во исто време да дејствува како влијателен фактор во охрабрувањето на другите членови на заедницата да го следат нивниот пример.

Проектот претпоставува развој на висококвалитетни иновативни интелектуални резултати посветени на е-учење. Обуки ќе опфатат теми кои ќе овозможат имплементација на законската регулатива за УО, организација и реализација на обврските на општините, воспоставување одржлив систем за УО, намалување на количините на отпад и воопшто правилно управување со отпадот.



# ВОВЕДЕН СОСТАНОК ВО АТИНА, ГРЦИЈА, ЈУНИ 2022 ГОДИНА

Воведниот состанок на проектот се одржа во Атина, Грција на 8-ми јуни 2022 година. Домаќин на состанокот беше Creative Thinking Development.

На состанокот учествуваа претставници од сите партнерски организации:

1. **Contentplus.pl - Координатор на проектот , Полска**
2. **Stowarzyszenie na Rzecz Innowacji и Edukacji, Полска**
3. **Институт за истражување во животна средина, градежништво и енергетика, Северна Македонија**
4. **Znanstveno-raziskovalno središče Bistra Ptuj, Словенија**
5. **EDITC LIMITED, Кипар**
6. **CreThiDev, Грција**

На почетокот на состанокот партнерите ги претставија своите организации.
Потоа следеше презентација од работните пакети од страна на одговорните партнери.



## РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ:

**ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 1:**

**БЕНЧМАРКИНГ АНАЛИЗА НА ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ, ПОТРЕБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**
**– Contentplus.pl**

**ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 2:**

**ПРОФИЛ ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО УПОТРЕБА НА НИВОА НА NQF/EQF**
**– Stowarzyszenie na Rzecz Innowacji i Edukacji**

**ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 3:**

**ИЗРАБОТКА НА НАСТАВНА И ПРЕДМЕТНА ПРОГРАМА ЗА КУРСЕВИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО ЕЛЕМЕНТИ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА**
**– Creative Thinking Development**

**ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 4:**

**МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОБУКА ЗА КУРСЕВИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**
**– Znanstveno-raziskovalno središče Bistra Ptuj**

**ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 5:**

**ИНТЕРАКТИВНА ПЛАТФОРМА ЗА Е-УЧЕЊЕ**
**– Editc Limited**

**ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 6:**

**ЦЕНТАР ЗА ЗНАЕЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**
**– Институт за истражување во животна средина, градежништво и енергетика**

Претставникот на EDITC го претстави својот предлог за поставување на веб-страницата на проектот, а сите партнери се согласија да ја преведат неговата содржина на нивниот национален јазик. Дискусијата главно се фокусираше на развојот на проектен Резултат 1: Партнерите придонесоа со своите идеи и беа договорени следните чекори за имплементација на резултат 1.



# СЛЕДНИ ЧЕКОРИ…

- *Лансирање на веб-страницата на проектот*
- Изработка на прашалници за анкетна анализа, кои ќе бидат основа за развој на курсевите за одржливо управување со отпад
- Прво известување за напредокот на проектот
- Следен транснационален состанок во Кипар, октомври 2022 година

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:**
**Contentplus, Вроцлав, Полска**

Project Website:
https://encourage.projectsgallery.eu/



**ПАРТНЕРИ:**

Contentplus.pl, Wroclaw, Poland

Stowarzyszenie na Rzecz Innowacji i Edukacji, Radom, Poland

Creative Thinking Development, Rafina, Greece

Institute for Research in Environment, Civil Engineering and Energy, Skopje, North Macedonia

EDITC LIMITED, Nicosia, Cyprus

Znanstveno-raziskovalno središče Bistra Ptuj, Ptuj, Slovenia

Ко-финансирано од Европска Унија

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.